


# СОРАБОТНИК ЗА ИНФОРМАТИВНА СИГУРНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

**Локација: СКОПЈЕ**

**Оддел:** Оддел за сигурност на информативен систем и заштита на податоци

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

• Координација на активностите поврзани со планирањето и спроведувањето на Планот за континуитет во работењето (ПКР) и Кризен менаџмент;
• Ажурирање на Планот за континуитет во работењето;
• Координирање на процесот на ажурирање на анализите на ризици и нивното влијание (Business Impact Assessment - BIA) во контекст на Планот за континуитет во работењето;
• Анализа на ризиците кон информативниот систем на Банката, координација и следење на акцискиот план кој ќе произлезе од анализата;
• Учество во дефинирањето и следењето на контролите поврзани со информативна сигурност на Банката;
• Учество во процесот на мониторинг, справување и анализа на инцидентите и сјабер закани поврзани со можно нарушување на сигурносните правила и политики во Банката како дел од второто ниво на одбрана;
• Мониторинг, справување и анализа на инциденти и кибер-закани како дел од второто ниво на одбрана;
• Учество во изработка на политики, процедури и упатства во доменот на информативна сигурност, континуитет во работењето и кризен менаџмент;
• Следење на сигурноста на информативниот систем како дел од второто ниво на одбрана, тестирање и анализа на ефикасноста на воспоставените контроли;
• Подготовка и спроведување на обуки за вработените и надворешни партнери;
• Координирање на интерни и надворешни контроли, пенетрациски тестирања, тестирања на отпорност;
• Координирање и имплементација на побарувањата кои произлегуваат од европската регулатива за дигитална отпорност (Digital Operational Resilience Act);
•Соработка со Офицерот за заштита на лични податоци во делот на дефинирање, изведување и оценка на техничките контроли.

## Кои квалификации се потребни

ВСС од областа на информатичка технологија;
Работно искуство на позиција поврзана со сигурност на информативниот систем или континуитет во работењето.
Работно искуство во Банка ќе се смета за предност;
Одлично познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);
Стручно ниво на употреба на office софтверски алатки;
Стручно познавање на системите за превенција и проверка на сајбер сигурноста и активно познавање на системите за детекција на сигурносните закани;
Познавања на процесите за управување со ризици;
Познавање на релевантни меѓународни стандарди (пример: ISO 27001, PCI DSS, ISO 22301, ISO 27701, ISO 27032);
Аналитичко размислување и вештина за решавање на проблеми;
Организациски вештини; Комуникациски вештини и самоиницијативност; Тимска работа и способност за работа под притисок.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **25.04.2025 година** со назнака **„Апликација за Соработник за информативна сигурност и заштита на податоци ".**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!